РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Дирекција за технолошки индустриски развојни зони
Drejtoria për zona zhvillimore teknologjike industriale

Бр./Nr. 04 - 1692/18
25 . 12 2025 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 15 од Законот за технолошки индустриски развојни зони „Службен весник на Република Македонија" бр. 14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија"бр.13/23, 59/25 и 154/25), член 52 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија"бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија"бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), Директорот на Дирекција за технолошки индустриски развојни зони донесе:

# ОДЛУКА

## за избор на кандидат по Интерен оглас број 02/2025 за унапредување на 1 (еден) административен службеник во Дирекција за технолошки индустриски развојни зони

1. Кандидатот Ненад Томевски врз основа на спроведен Интерен оглас број 02/2025 за унапредување на 1 (еден) административен службеник, се избира за работно место УПР0101Б04000 Раководител на Одделение за анализа на државна помош во Одделение за анализа на државна помош во Сектор за анализа, преговори и следење на договори за државна помош - 1 (еден) извршител.
2. Изборот е извршен врз основа на финална ранг листа и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат по Интерен оглас број 02/2025, со архивски број 04-1692/16 од 24.12.2025 година.
3. Именуваниот ќе биде унапреден на работно место од став 1 по конечноста на оваа одлука.
4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

### Образложение

Врз основа на добиеното Известување за обезбедени финансиски средства од Министерство за финансии бр.19-12091/2 од 04.12.2025 година, заверено во архивата на Дирекцијата под бр.05-1616/2 од 09.12.2025 година, Директорот на Дирекцијата до Одделението за управување со човечки ресурси поднесе Барање бр. 04-1692/1 од 10.12.2025 година, за започнување на постапка за унапредување на 1 административен службеник во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.

По добиеното барање, Одделението за управување со човечки ресурси на ден 15.12.2025 година, на веб страната на Дирекцијата и на веб страната на Агенцијата за администрација објави интерен оглас број 02/2025 за унапредување на 1 (еден) административен службеник во Дирекција за тенолошки индустриски развојни зони.

Комисијата за унапредување на административен службеник формирана од страна на Директорот на Дирекцијата со Решение за формирање на Комисија за селекција за унапредување на административен службеник бр.04-1692/7 од 22.12.2025 година и Решение за изменување и дополнување на решението за формирање на комисија за селекција за унапредување бр.04-1692/14 од 23.12.2025 година, направи административна селекција на единствениот пријавен кандидат кој ги исполнува условите предвидени согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.

Врз основа на освоените бодови од административна селекција и освоени бодови од спроведеното интервју, Комисијата состави Записник од административна селекција бр.04-1692/15 од

24.12.2025 година за унапредување на административен службеник, Записник од спроведено интервју бр.04-1692/16 од 24.12.2025 година и изготви Финална ранг листа на интервјуирани кандидати како и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по Интерен оглас број 02/2025.

Врз основа на горенаведеното Директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони донесе Одлука за избор како во диспозитивот на оваа одлука.

По конечноста на оваа одлука, ќе се донесе решение за унапредување на административниот службеник

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат може да се поднесе жалба до Агенцијата за администрација - Комисија за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во втор степен, во рок од 8 дена сметано од денот на приемот на решението

Директор
Д-р Гоце Димовски

______________________

Доставено до:
-Именуваниот административен службеник
-Одделение за управување со човечки ресурси
-Одделение за финансиски прашања
-Архива

Изработил: Ирена К. Стојанова
Согласен: Маја Жупаноска Стефановска